ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА СКОПЈЕ

Број 13-437/3 од 2023 година

10 2023 00 14

Скопје, март 2024 година

# С О Д Р Ж И Н А


| | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1 |
| Вовед | 3 |
| Цел на ревизијата | 3 |
| Опфат и методологија | 4 |
| Резултати од ревизијата на следењето на препораките | 4 |
| Заклучок | 6 |

## Кратенки користени во извештајот

ДУИ – Демократска унија за интеграција Скопје

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 13-198/3
Дата: 18.03.2024

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државната ревизија, согласно Законот за државната ревизија, опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, број 13-437/3 од 05.04.2023 година, за 2021 година на ДУИ, на сметката за редовно работење, согласно Годишна програма за работа за ДЗР за 2023 година.

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ДУИ на сметката за редовно работење за 2021 година имаше за цел да даде мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики кај ДУИ на сметкатата за редовно работење за 2021 година.

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

Овој извештај ги презентира резултатите од извршена ревизија на следење на препораките кај ДУИ, дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.
Во извештајот беа опфатени категориите на наоди за усогласеност со закони и прописи и финансиски извештаи, по кои се дадени препораки.

Со оваа ревизија утврдивме дека од 2 (две) препораки дадени во Конечниот извештај, 1 (една) препорака **е спроведена** и 1 (една) препорака **не е спроведена.**

Во делот на **усогласеност со закони и прописи,** утврдивме дека за дадената препорака за преземање мерки и активности за измена и дополнување на актот со кој се уредува начинот и висината на средствата по основ на членарина и тоа во делот на утврдување на висината на членарината која не може да биде повеќе од една просечна исплатена нето плата во Република Северна Македонија во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика, не се преземени мерки и активности за спроведување на истата, односно констатираната состојба во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година, како и во конечните извештаи за минати години не е променета, при што и во 2022 година дел од членовите имаат уплатено средства во повисок износ.

Во делот на **финансиски извештаи** , утврдивме дека за дадената препорака која се однесува на извршениот попис на средствата и изворите на средствата на партијата за 2021 година каде констатиравме дека во пописните листи за дел од материјалните и нематеријалните средства не се содржани вредносни показатели поединечно за секое средство, односно истите содржат податоци само за количината, како и дека материјалните и нематеријалните средства не се обележани со инвентарни броеви, констатиравме дека со преземемените активности за извршениот попис на средства и извори за 2022 година, преземени се мерки за спроведување на истата.

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедуваат основа да изразиме заклучок дека субјектот преземал активности и мерки за дел од дадените препораки, со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките.

Во насока на целосна реализација на препораките содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, во наредниот период, дадени се насоки за преземање на мерки и активности за измена и дополнување на актот во делот на утврдување на висината на членарината која не може да биде повеќе од една просечна исплатена нето плата во Република Северна Македонија во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

Од страна на одговорното лице на политичката партија не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-198/1 од 02.02.2024 година.

## 1. Вовед

Согласно стандардите на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ISSAI), спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи е последна фаза во процесот на ревизијата. Следењето на препораките е неопходен елемент на одговорноста како на ВРИ така и на носителите на јавни функции во доброто управување со јавните средства и помага во поттикнување на нивната ефективната имплементација.

1.1. Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно член 19 и член 23 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година.

1.2. Овој извештај ги презентира резултатите од извршена ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај број 13-437/3 од 05.04.2023 година на сметката за редовно работење за 2021 година на ДУИ. Во делот 4 - Резултати од ревизијата на следење на препораките од овој извештај даден е детален преглед на резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

1.3. Извршена е ревизија, и издаден е извештај за спроведување на дадените препораки по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на ДУИ за 2016 година.

1.4. Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот застапувано од

- Али Ахмети, претседател на ДУИ од 05.06.2002 година

Одговорност на ревизорот е да изврши ревизија на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесе заклучок врз база на прибраните докази.

## 2. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 3. Опфат и методологија

Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ISSAI) и согласно мандатот на државната ревизија во Република Северна Македонија кој опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Изборот на вршење ревизија на следење на препораките кај оваа ревизија беше направен за да се утврди дали сеуште препораките се релевантни.

За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачката документација; спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и за оцена на усогласеноста со законските и подзаконски акти; одредивме соодветни постапки во однос на ревизорските цели; направивме интервјуа со лицата со раководна и управна одговорност; извршивме проценки на користените сметководствени принципи како и на важни проценки направени од страна на раководството и дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка на конкретни финансиски трансакции.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за оцена на степенот и соодветноста на преземените активности и мерки за спроведување на препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 13-437/3 од 05.04.2023 година на ДУИ.

Ревизијата е спроведена во период од 22.12.2023 до 26.12.2023 година кај ДУИ од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 4. Резултати од ревизијата на следење на препораките

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани со претставник на субјектот предмет на ревизија, на ден 18.01.2024 година.

Од страна на одговорното лице на политичката партија не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-198/1 од 02.02.2024 година.

Со ревизијата на следењето на препораките ги утврдивме следните резултати:

4.1. Препорака во врска со наод 4.1.1.:

Одговорното лице на партијата да преземе мерки и активности за измена и дополнување на актот во делот на утврдување на висината на членарината која не може да биде повеќе од една просечна исплатена нето плата во Република Северна Македонија во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

Препораката не е спроведена

Висината на членарината како еден од приватните извори на финансирање на политичките партии, кој членот на партијата го плаќа годишно како редовен износ е уредена со член 14 од Законот за финансирање на политичките партии согласно кој „износот на членарината за период од една година на секој член поединечно, не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Република Северна Македонија во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика“.

Со извршениот увид во Годишниот извештај за членарини за 2022 година, ревизијата утврди дека констатираната состојба во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година, како и во конечните извештаи за минати години не е промената, односно и во 2022 година начинот и висината на средствата по основ на членарина се утврдени со Одлуката[1], согласно која членарината е утврдена во висина од 5% од платата на избраните и именувате лица од ДУИ, со која се овозможува уплата на средства за членарина над законски утврдениот лимит.

Имајќи ја во предвид вака утврдена висина на членарина, која продолжува и понатаму, констатиравме дека и во 2022 година дел од членовите имаат уплатено средства во повисок износ за 250 илјади денари.

Насоки за идни активности:

Одговорното лице на партијата да преземе мерки и активности за измена и дополнување на актот во делот на утврдување на висината на членарината која не може да биде повеќе од една просечна исплатена нето плата во Република Северна Македонија во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

4.2. Препорака во врска со наод 4.2.1.:

Одговорното лице на партијата да преземе мерки и активности за:

[1] Одлука број 30-01/15 од 22.04.2011 година

- пописните листи за материјалните средства да содржат вредносни показатели поединечно за секое средство одделно и
- означување на средствата со инвентарни броеви.

Препораката е спроведена

Во однос на утврдената состојба која се однесува на извршениот попис на средствата и изворите на средствата на партијата за 2021 година дека во пописните листи за дел од материјалните и нематеријалните средства не се содржани вредносни показатели поединечно за секое средство, односно истите содржат податоци само за количината, како и дека материјалните и нематеријалните средства не се обележани со инвентарни броеви, констатиравме дека дадената препораката е спроведена.
Со извршениот увид во доставената документација за спроведениот попис на средствата и изворите на средства на ДУИ за 2022 година, утврдивме дека во пописните листи за материјалните и нематеријалните средства податоците се внесени поединечно во натурални и парични вредности, чија вредност со потпис ја имаат потврдено членовите на пописната комисија.
Исто така, со извршениот увид во сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи, констатиравме дека сите средства имаат инвентарни броеви.

## 5. Заклучок

Со оваа ревизија утврдивме дека од 2 (две) препораки дадени во Конечниот извештај, 1 (една) препорака е спроведена и 1 (една) препорака не е спроведена.

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедува основа да изразиме заклучок дека субјектот преземал активности и мерки за дел од дадените препораки со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките.
Поради наведеното, потребно е во иден период да се пристапи кон понатамошно преземање мерки и активности со кои ќе се надминат утврдените состојби наведени во Конечниот извештај, односно пристапи кон спроведување на дадените препораки во истиот и тоа за измена и дополнување на актот во делот на утврдување на висината на членарината која не може да биде повеќе од една просечна исплатена нето плата во Република Северна Македонија во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.